Во врска со член 384 став 2 точка 2, член 487 и член 488 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), **Годишното собрание на Друштвото за деловната 2015 година** на својата седница одржана на **09.05.2016 година,** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за исплата на дивиденда**

1. Согласно одредбите од Одлуката за распределба на добивка усвоена на Годишното собрание на акционери за деловната 2015 година, Друштвото ќе исплати дивиденда во вкупен износ од **189.409.968** МКД.
2. Дивидендата која ќе ја исплати Друштвото изнесува по една обична акција 264 денари, односно 21.32 % од номиналната вредност на една обична акција од 20,084 ЕУР.
3. Дивидендата ќе се исплати од:
   - добивката остварена за деловната 2015 година во износ од 145.337.324 МКД,
   - нераспоредената добивка од деловната 2014 година во износ од 23.291.998 МКД,
   - нераспоредената добивка од деловната 2013 година во износ од 20.780.646 МКД.
4. Годишното собрание на друштвото за деловната 2015 година утврдува дека:
   - износот на дивиденда од добивката од деловната 2015 година изнесува за една обична акција 202.57 МКД, односно 16,36 % во однос на номиналната вредност на една обична акција од 20,084 ЕУР;
   - износот на дивиденда од добивката од деловната 2014 година да изнесува за една обична акција 32,47 МКД, односно 2,62 % во однос на номиналната вредност на една обична акција од 20,084 ЕУР;
   - износот на дивиденда од добивката од деловната 2013 година да изнесува за една обична акција 28,96 МКД, односно 2,34 % во однос на номиналната вредност на една обична акција од 20,084 ЕУР.
5. Дивидендата од став 1 на оваа Одлука да се исплатува во пари.
6. За исплатата на дивиденда акционерите ќе се известат согласно одредбите од Законот за трговските друштва и Правилникот за котација издаден од страна на Македонската берза за хартии од вредност.
7. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.
8. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.
9. Оваа одлука стапува на сила на денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

______________________
**Татјана Димов**

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk